Биро за развој на образованието
08-888/1 од 15.4.2022 год.

# Наставна програма

# Слободен изборен предмет
# Танцување

## за IV одделение

Одд. наставник Христина  Анѓелеска

Скопје, 2021 година

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Танцување** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Слободен изборен предмет /изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети |
| **Одделение** | IV (четврто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Класификација на народни ора 18<br>• Класични танци 8<br>• Модерни танци 10 |
| **Број на часови** | 2 часа неделно /36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Уреди за репродукција на аудио и видеозаписи (ЦД , компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД - проектор, паметна табла).<br>• Аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина. |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во четврто одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

# ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Уметничкото изразување и култура*** од Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| ***Ученикот/ученичката знае и/или умее:*** | |
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот), |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури, |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| ***Ученикот/ученичката прифаќа дека:*** | |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди:
***Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура***

| | |
|---|---|
| ***Ученикот/ученичката знае и умее:*** | |
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување, |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин, |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, |

| | |
|---|---|
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведув заклучоц и да донесува рационални одлуки, |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење, |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.), |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација, |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |
| ***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*** | |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава, |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план, |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество, |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за јакнење на културниот идентитет и дигнитет, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема: Класификација на народните ора 18 часа**

***Знаења/вештини:***

- Го разбира танцот како игра, движење;
- Умее визуелно и слушно да ги препознае народните ора и ги именува;
- Сфаќа дека кординацијата меѓу движењата и основните изразни елементи на музиката (ритам, динамика, темпо, мелодија, боја) е важна;
- Умее да постигне координација, чувство за ритам, одржување рамнотежа и способност за комбинирани движења;
- Може да ги идентификува / препознае карактерот и содржината на ората, класификацијата и правилната изведба;
- Умее да пројави инвентивност и креативност во изведбата на танците;
- Може да ги идентификува/препознае разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност;
- Има познавања за изведба на неколку народни ора;
- Умее да изведува некој танци и народни ора;
- Знае да демонстрира правилна играчка изведба на танцот;
- Умее да ги помни сите елементарни движења и нивните комбинации;
- Сфаќа дека тимска работа е важна;
- Сфаќа дека преку уметничко изразување се развива креативноста;
- Умее вербално да се изразува за конкретно оро;

***Ставови/вредности:***

- Ја развива креативноста и музичкото изразување преку танцување.
- Почитува мислења и ставови од другите околу него.
- Смета дека треба да работи самостојно и во група.
- Смета дека соработката со другите е неопходна за личен и социјален развој.
- Прифаќа дека треба да нуди и да прима помош, подршка од другите.
- Ја осудува секоја дискриминација по било која основа;
- Подготвен/а е да презема активности кои важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;
- Подготвен/а е да презема активности кои му овозможуваат полесно да ја совлада темата.
- Верува дека може да постигне повеќе.
- Има позитивен став за правилно зачувување и презентирање на националниот идентитет.
- Има позитивен став кон разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.).
- Ги почитува разликите меѓу културите, на кои гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување
- Се залага за зачувување на културните и традиционалните богатства.

| *Содржини (поими) и број на часови* | *Примери на активности:* |
|---|---|
| • Запознавање со поимот танц, појава на танцови активности и изготвување на постер<br>**Број на часови:2**<br>1-2/2 | • Учениците разговараат, дебатираат, истражуваат на интернет, следат стручна литература за поимот танц и танцова активност во парови или групи. Ги споредуваат материјалите што ги истражиле.<br>Селектираат материјали за постер. Учениците поделени во групи изработуваат постер или презентација на настанокот на танцовите активности и ги презентираат |
| • Пантомима-покажување на разни емотивни состојби<br>Изразување чувства преку (гестикулации со лице, раце, нозе и комбинирани движења)<br>**Број на часови: 2**<br>1-2/2 | • Работилници за покажување различни емотивни состојби преку пантомима. Учениците се делат во две групи, една група покажува пантомима, друга група погодува што се претставува со таа пантомима. |
| • Карактеристики на играорните подрачја во Македонија – различни етнички заедници<br>(Македонско оро, албанско оро, турско оро, ромско оро)<br>**Број на часови 2**<br>1-2/2 | • Аудиовизуелна презентација Македонија –ора на различни етнички заедници;<br>Учениците ја следат презентацијата и дискутираат за сличностите и разликите на ората.<br>• Работилница за совладување на еден модел на танц македонско оро, албанско оро, турско оро, ромско оро. (чекори) Се воочуваат сличностите во чекорите и движењата.<br>• Работилница за совладување на албанско оро (чекори)<br>https://www.youtube.com/watch?v=8PJJxoQnSKc<br>Работилница за собладување турско и ромско оро (чекори)<br>https://www.youtube.com/watch?v=LgQju-8rHkU |
| • Класификација на народните ора<br>**Број на часови:2** 1-2/2 | Запознавање со народните ора преку нивна класификација |
| • Народните ора според правецот на изведување(Поими: движење на десно и движење на лево)<br>**Број на часови: 2**<br>1-2/2 | • Запознавање со поделбата на народните ора според правецот на изведување:<br>- Играње и движење на десно (Патрунино. Лесното, Тешкото. Невестинско, Потрчулка и др.) https://youtu.be/53rP5gH1YVM<br>https://youtu.be/6eFallSlf8k<br>Совладување на неколку движена<br>https://youtu.be/53rP5gH1YVM<br>https://youtu.be/6eFallSlf8k<br>- Играње и движење на лево: Левото, Лев танец, Повратничко, Поврнечката и др.<br>https://youtu.be/hFL42nApYrM |
| | • Работилница за совладување на еден модел на танц (чекори) Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се |

| | |
|---|---|
| | демонстрира танцот и со музика. |
| • Народните ора според формата на игра<br>(Поими:полукружна форма затворен круг, змијовидна форма, ора кои се играат во пар)<br><br>**Број на часови: 2**<br>1-2/2 | • Запознавање со поделбата на народните ора според формата на игра:<br>- Ора кои се играат во полукружна форма (собордки ораиобредни)<br>- Ора кои се играат во затворен круг (ретка форма- Русалиско оро, Крушија)<br>https://youtu.be/PXHz_lUC1HQ<br>- Ора кои се играат змијовидна форма (Буките, Патрунино идр.)<br>https://youtu.be/hFL42nApYrM<br>https://youtu.be/geW7oukFhLU<br>https://youtu.be/ZnViI8b6DbM<br>- Ора кои се играат во пар (Беранче, Вртелешка, Поседница, Русалии и др)<br>https://youtu.be/PXHz_lUC1HQ<br>Визуелна презентација на народни ора |
| | • Работилница за совладување на еден модел на танц (чекори) Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот и со музика. |
| • Народните ора според бројот на учесници<br>(Поими: точно дефиниран број на учесниц, неограничен број на учестници)<br><br>**Број на часови: 2**<br>1-2/2 | • Запознавање со поделбата на народните ора според бројот на учесници:<br>-Со точно дефиниран број на учесници (Воличарски, Лазарки, Русалии и др)<br>https://youtu.be/57g25A1TEbk<br>-Со неограничен вроj нна учестници(најчесто соборските и дел од обредните) |
| | • Работилница за совладување на еден модел на танц (чекори) Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот и со музика. |
| • Народните ора според половата разлика<br>(Поими: Машки ора, Женски ора, Мешани ора)<br>**Број на часови: 2**<br>1-2/2 | • Запознавање со поделбата на народните ора според половата разлика:<br>Машки ора<br>Женски ора<br>Мешани ора |
| | • Работилница за совладување на еден модел на танц (чекори) Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот и со музика. |
| • Народните ора според стилските карактеристики-позицијата на раце<br><br>(Поими: за раце,, за рамо, за појас и со слободно пуштени раце)<br>**Број на часови: 2** | • Запознавање со поделбата на народните ора според стилските карактеристики-позицијата на раце:<br>• за раце (Невестинско, Тешкото, Скудринска и др)<br>https://youtu.be/R2LKgHmrins<br>• за рамо ( Крстач, Арнаут, Машкото)<br>https://youtu.be/rrlHfXI2LUc |

| | |
|---|---|
| 1-2/2 | https://youtu.be/FOcJPR6RYPM<br>• за појас (Копачка, за појас и др)<br>https://youtu.be/N3bsoZB_DOo<br>• Со слободно пуштени раце (Русалии и др)<br>https://youtu.be/57g25A1TEbk |
| | • Работилница за совладување на еден модел на танц (чекори) Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот и со музика. |
| • Обредни народни ора<br>(Поими: Игри под маски<br>Жески поворки<br>Машки поворки<br>Велигденски игри<br>Игри од свадбен циклус)<br><br>**Број на часови: 2**<br>1-2/2 | • Објаснување кој се обредни ора и зошто се така наречени, запознавање на дел од нив.<br>- Игри под маски (Џаламари, Мечкари, Коледари, Ешкари, Бабари, Суриваскари и др)<br>https://youtu.be/d2qSo_a3CEM<br>https://youtu.be/kHq1fzKAFhc<br>-Жески поворки (Воличарки, Лазарки, Додоле, Иванденки, Варваруши)<br>https://youtu.be/X0BgBEtnK4s<br>-Машки поворки (Русалии)<br>https://youtu.be/JhmMkdPS8yk<br>https://youtu.be/PXHz_lUC1HQ<br>- Велигденски игри (Кален број, Мален број, Вили самовили, Змија и др)<br>https://youtu.be/PzW2hBOvD0Y<br>-Игри од свадбен циклус (Девојачко, Невестинско, Свекрвино, Манукот, Нунково, Хламбура и др)<br>https://youtu.be/R2LKgHmrins<br>https://youtu.be/3wqzGUsMP-A<br>https://youtu.be/I2dfWevDwDk |
| | • Работилница за совладување на еден модел на танц (чекори) Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот и со музика. |

**Тема: Класични танци 8 часа**

***Знаења/вештини:***

- Идентификува /препознае касичен танци;
- Прави разлика меѓу народните ора и касичен танци;
- Умее да го разликата ритамот на музиката;
- Сфаќа дека кординацијата меѓу движењата и основните изразни елементи на музиката (ритам, динамика, темпо, мелодија, боја) е важна;
- Има познавања за изведба на сите елементарни движења и нивните комбинации;
- Има познавања за изведба на некој касичен танци;
- Знае да демонстрира правилна играчка изведба на танцот
- Умее да ги помни комбинацијата на елементи на касичен танци;
- Умее да изведува некој танци;
- Сфаќа дека тимска работа е важна;
- Сфаќа дека преку уметничко изразување се развива креативноста;
- Умее вербално да се изразува за одреден танц:

***Ставови/вредности:***

- Ја развива креативноста и музичкото изразување преку танцување.
- Почитува мислења и ставови од другите околу него.
- Смета дека соработката со другите е неопходна за личен и социјален развој.
- Прифаќа дека треба да нуди и да прима помош, подршка од другите.
- Ја осудува секоја дискриминација по било која основа;
- Подготвен/а е да презема активности кои важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;
- Верува дека може да постигне повеќе.
- Има позитивен став кон разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.).
- Ги почитува разликите меѓу културите, на кои гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување

| *Содржини (поими) и број на часови* | *Примери на активности:* |
| --- | --- |
| • Запознање со видовите историски танци (Поими:историски танци, полка, мазурка, менует)<br>**Број на часови: 2**<br>1-2/2 | • Видови историски танци (фотографии, снимки); Презентација на видови танци; Учениците следат видеопрезентација со различни видови танци: полка, мазурка, менует. Се разговара за настанокот на видовите танци и за времето во кое се настанати. https://youtu.be/LG9M5RpohFQ , https://youtu.be/tR3oOmvx5ew , https://youtu.be/6fa2wZEsRWM<br>• Работилница за совладување на еден модел на танц (чекори) Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори на валцер според ритамот и метриката со броење и со плескање на раце. Се демонстрира танцот и со музика. https://www.youtube.com/watch?v=NBKTN6c_MEQ |
| • Запознавање со поимот **валцер**, појава на **валцер** и изготвување на постер (Поими:игра во пар)<br>**Број на часови: 2**<br>1-2/2 | • Учениците разговараат, дебатираат истражуваат на интернет, следат стручна литература за поимот валцер во парови или групи. Ги споредуваат материјалите што ги истражиле.<br>• Селектираат материјали за постер. Учениците поделени во групи изработуваат постер или презентација на настанокот на валцер и ги презентираат |
| • Валцер и совладување на чекори<br>(Поими троделен ритам и чекор на валс)<br>**Број на часови: 4**<br>1-2/4 | • Аудиовизуелна презентација Валцер-видео<br>• Работилница за совладување на еден модел на класичен танц (чекори).<br>• Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот со музика.<br>• https://www.youtube.com/watch?v=NBKTN6c_MEQ |
| 3-4/4 | • Работилница за совладување на еден модел на класичен танц (чекори).<br>• Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот со музика.<br>https://www.youtube.com/watch?v=NBKTN6c_MEQ |
| • Балет и совладување на неколку основни движења<br>**Број на часови: 2**<br>1-2/2 | • Аудиовизуелна презентација балет -видео https://youtu.be/EmLwa1ymz44<br>• Работилница за совладување на еден модел на класичен танц (чекори).<br>• Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот со музика. |

**Тема: Модерни танци 10 часа**

***Знаења/вештини:***

- Идентификува /препознава модерни танци;
- Прави разлика меѓу касичен танци и модерните танци;
- Сфаќа дека кординацијата меѓу движењата и основните изразни елементи на музиката (ритам, динамика, темпо, мелодија, боја) е важна;
- Има познавања за изведба на елементарни движења и нивните комбинации;
- Умее да ги помни комбинацијата на елементи кои се повторуваат кај модерните танци;
- Знае да демонстрира правилна играчка изведба на танцот;
- Сфаќа дека тимска работа е важна;
- Сфаќа дека преку уметничко изразување се развива креативноста;
- Умее вербално да се изразува за некој танц;

***Ставови/вредности:***

- Прифаќа дека човекот има вродена потреба за ритмичко движење;
- Прифаќа дека како потреба за изучување на модерни танци се јавува како резултат на динамичното перципирање и изразување на современиот начин на живеење кај младата популација;
- Смета дека потребно е симболично трансформирање на претходно стекнатите знаења и вештини во нови современи движења;
- Прифаќа дека танцовата активност кај човекот е физичка потреба и ментално-психичка потреба;
- Смета дека треба да работи самостојно и во група;
- Прифаќа дека треба да нуди и да прима помош, подршка од другите;
- Има позитивен став кон разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.);
- Подготвен/а е да презема активности кои важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;
- Верува дека може да постигне повеќе.

| ***Содржини (поими) и број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| • Запознање со видовите современи танци (рок, твист, хип-хоп)<br>**Број на часови: 2**<br>1-2/2 | • Видови современи танци (фотографии, снимки);Презентација на видови танци; Учениците следат видеопрезентација со различни видови танци. Се разговара за настанокот на видовите танци и за современоста, каде и како се настанати. |
| | • Работилница за совладување на еден модел на танц (чекори). Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори и движења на хип-хоп според ритамот и метриката со броење и со плескање на раце, тропање на клупа и сл. Се демонстрира танцот и со музика.<br>• https://www.youtube.com/watch?v=um2YczwLG68<br>• https://youtu.be/-CfdYcKY9sU<br>• https://www.youtube.com/watch?v=P0N6ybOAgBk<br>• https://youtu.be/Vw8E1mCg1WQ |
| • Запознање со „Хип-хоп“ и совладување на чекори<br>**Број на часови: 8**<br>1-2/8 | • Аудиовизуелна презентација хип-хоп -видео |
| | • Работилница за совладување на еден модел на модерни танц (чекори). Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот со музика.<br>• https://youtu.be/Vw8E1mCg1WQ |
| 3-4/8 | • Работилница за совладување на еден модел на модерни танц (чекори). Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот со музика.<br>• https://youtu.be/Vw8E1mCg1WQ |
| 5-6/8 | • Работилница за совладување на еден модел на модерни танц (чекори). Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот со музика.<br>• https://youtu.be/Vw8E1mCg1WQ |
| 7-8/8 | • Работилница за совладување на еден модел на модерни танц (чекори). Се демонстрираат и учат чекорите на еден танц без музика. Се демонстрираат чекори според ритамот. Се демонстрира танцот со музика.<br>• https://youtu.be/Vw8E1mCg1WQ |